ЛОКАЛНА БИБЛИОТЕКА
01-319/1
10.12.2025 год.
ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 10-12- 2025
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
25-5742/1

Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес
ул. „Алексо Демниевски“ бр. 11 Велес, тел:043/212 032
е-адреса:contact@bibliotekaveles.org.mk www.bibliotekaveles.org.mk

До

Совет на Општина Велес

Предмет: Доставување Програма за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026 година.

Согласно член 14 став 2 од Законот за библиотеките( Сл.весник 66/04...39/16), а во врска со користењето на средствата за 2026 година, Локалната библиотека „Гоце Делчев“ од Велес ви доставува Програма за работа за 2026 година и Одлука за усвојување на истата .

Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

Директор

---------------------------------------

Снежана Бошевска

02-310/1
10.12.2025
ВЕЛЕС

Врз основа на член 14 од Деловодникот на Управниот Одбор на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес со број 02-275/1 од 30.11.2022г. и член 19 од Статутот на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, Управниот одбор на седницата одржана на 10.12.2025г. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за усвојување на Програмата за работа за 2026 г. на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

### Член 1

Со оваа одлука се усвојува Програмата за работа на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес за 2026г. од страна на членовите на Управниот одбор, донесена од страна на Директорот на Библиотеката.

### Член 2

По усвојувањето на Програмата од страна на Управниот одбор, се задолжува Директорот на Библиотеката да ја достави до Советот на Општина Велес на разгледување.

### Член 3

Одлуката стапува на сила веднаш по нејзиното донесување.

Претседател на Управниот Одбор на
Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес

-----------------------------------------------

Павлина Најдова

01-2971/1
01.12.2025

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЛОКАЛНАТА БИБЛИОТЕКА „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВЕЛЕС ЗА 2026 ГОДИНА



Декември, 2025 година

СОДРЖИНА

1.Вовед........................................................................................................................ 3

2.Улога..........................................................................................................................4

3.Мисија ....................................................................................................................... 5

4. Визија ....................................................................................................................... 6

5. Цели  и приоритети.................................................................................................... 7

6. Дејност и структура.................................................................................................... 10

6.1 Организација на дејностите на библиотеката............................................................11

6.2 Финансирање на библиотеката...................................................................................12

6.3 Задачи на организациските единиции во 2025 година...............................................14

7. Афирмација на библиотечната дејност .......  ..............................................................20

8.Инвестиции...................................................................................................................22

9.Годишна програма на активности ..............................................................................22

10.Соработка со други институции.................................................................................28

11. Резиме.................... ................................................................................................ 30

# 1.ВОВЕД

Почетоците на формирање на официјална библиотека, како зачеток на денешната Локалната Библиотека „Гоце Делчев" датира од средината на минатиот век, носејќи го приматот на прва Библиотека во Македонија во тоа време. Првиот документ којшто потврдува формирање на библиотека во просториите на тогашната Гимназија е од 1920година, издаден од Инспекторатот на Министерството за проствета доставено до тогашниот Суд на Општина Велес. Во 1920година во Брегалничката област во градот Велес се отвара една културна установа-Народна Библиотека.





Денешната Локална библиотека ,,Гоце Делчев" Велес е јавна установа која врши библиотечна дејност. Библиотеката ја основа Советот на Општина Велес заради вршење дејности од областа на културата кои се од јавен интерес, а кои придонесуваат за развојот на образованието и трајно задоволување на културните и другите потреби на пошироката јавност. Оттука и обврската на установата за презентирање и доставување на оваа годишна Програма за својата дејност и работа, до општинскиот Совет. Библиотеката е непрофитна установа од областа на културата, која во согласност со стручните начела, одржува библиотечни фондови, обезбедува пристап и нивно користење и обезбедува услуги на меѓубиблиотечно позајмување.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Целосен назив | Локална библиотека „Гоце Делчев" Велес |
| 2. | адреса | ул. „Алексо Демниевски", бр.11 ,1400 Велес. |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | телефон | 043 212 032, 075 312 139-позајмна служба |
| 4. | Е-адреса | contact@bibliotekaveles.org.mk<br>bibliotekaveles22@gmail.com |
| 5. | Веб-страница | bibliotekaveles.org.mk |
| 6. | Работно време | Секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот |
| 7. | Раководно лице | Снежана Бошевска |

Надлежностите на Локалната библиотека ,,Гоце Делчев" Велес се утврдени во Законот за култура („Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и Закон за библиотеките ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16). Програмата на работа на библиотеката за 2026 година се заснова на обврските што произлегуваат од овие закони и соодветните подзаконски акти. Во извршувањето на дејностите од јавен интерес ги почитува следниве принципи: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и заштита на корисниците.

Библиотеката како огромно скривалиште на човековата мудрост претставува незаменлив ресурс на севкупното човечко знаење и логистичка поддршка и едукација на сите нејзини корисници. Таа претставува дел од културниот живот. Библиотеката е место каде секој човек, од сите возрасти, може да ја пронајде својата духовна храна според афинитетите и потребите. Со големите предизвици и промени што особено се чувствуваат во библиотечното работење, библиотеката како установа, потреба, несопирливо заживува и по кој знае кој пат станува место за доверлива средба во која се чуваат националните богатства и се уриваат јазичните бариери.

## 2.УЛОГА

Библиотеката обезбедува трајно и организирано комплетирање на библиотечни фондови, нивна стручна обработка, со цел за пренесување информации и задоволување на потребите на образованието, науката и научно-истражувачката работа и културата правејќи ги достапни за корисниците.

Библиотечното функционирање на Локалната Библиотека „Гоце Делчев“ е еден од најважните сегменти за квалитетно културно егзистирање на граѓаните на Општина Велес. Библиотеката со своите книжевни, но и организаторски ресурси е јадро кое овозможува акумулирање на голем број граѓани кои имаат потреба од активен културен живот. На тој начин, таа одигрува водечка улога во креирањето но и задоволувањето на културните стандарди на граѓаните на Општина Велес. Акумулираното искуство, како од областа на книжевната наобразба, така и од областа на книжевното творење, секако ќе одигра важна улога во остварувањето на примарната цел - издигнување на библиотеката на едно ново ниво - мултифункционална библиотека, која ќе игра клучна улога во културниот живот во градот.

Со децении во Библиотеката се гаела традицијата за односот кон книгата, нејзиното чување и десеминација на знаењата. Поради тоа една од примарните грижи на библиотеките е прибирање, заштита, чување и презентирање на движното културно наследство. Улогата на библиотекарите не е само да се обезбедат книги за корисниците, туку и да обезбедат пристап до информациите преку апликацијата COBISS, која овозможува пристап до базите на сите локални библиотеки. Библиотеката треба да стане медијатор помеѓу светот на информации и стандарниот библиотечен материјал.

Библиотеката, како културна установа од јавен карактер е место каде што се складира и чува културното богатство, каде се негуваат и надоградуваат културните, воспитно образовните вредности на младите и воопшто граѓаните.Има голема улога да го зачувува наследството, да се промовираат традицијата и литературата на разни култури, преку набавка на збирки и преку пристап до печатени книги на разни јазици.

## 3.МИСИЈА

**Библиотеката е место каде што се храни умот**

Во работењето на Локалната библиотека ,,Гоце Делчев“ Велес ќе не води мисијата-Библиотеката е место каде што се храни умот. Оваа мисија е безвременска но сепак

овозможува еден правец на делување во работата. Ќе овозможи пристап до информациите за своите корисници од различна интелектуална, образовна, социјална и возрасна структура и широка понуда на услуги. Библиотеката треба да биде културно катче за сите категории корисници. Секој којшто сака да биде дел од културните активности секако дека е добредојден. Како културно катче за сите со има удел во унапредување на културата на живеење на целокупната јавност. Мисијата ќе ја реализираме преку :

-поттикнување на љубов кон читање на книги уште од најмали години, развој на креативноста кај младите, поддржување на разноликоста во културите и обезбедување на предуслови за користење на информациите од страна на членовите(корисници)

-Библиотеката претставува идеална подлога за промовирање и негување на мултикултурноста со поседување на библиотечна граѓа од различни јазици и литература поврзана со културата на разни народи и националности.

-Во организирањето на настани, промоции и проекти ќе бидат вклучени и опфатени сите категории на корисници на услугите на Библиотеката од најрана возраст па се до највозрасни корисници.

## 4.ВИЗИЈА

**ЗАДОВОЛЕН ЧИТАТЕЛ-**
**УСПЕШНА БИБЛИОТЕКА**

Оваа визијата на Локалната библиотека ,,Гоце Делчев" Велес иако е безвременска сепак ни е како една насока на дејствување на Библиотеката, ќе ни го дава правецот во кој што треба да се движи, напредува и развива библиотекарската работа во наредните години. Библиотеката има голема улога во напредување во светот на знаењето. За тоа е потребно да прерасне во институција која ќе овозможи пристап секому што сака да истражува, ќе даде поддршка на сите истражувачки заедници во клучните области за обезбедување социјална и економска корист и ќе го збогати културниот живот на жителите во Велес и велешко. Визијата ќе ја реализираме преку:

-Задоволување на потребите на граѓаните преку квалитетни услуги.

-Вработените во библиотеката ќе им служат на сите членови, без оглед на националната, верска и политичка припадност, пол, возраст, социјален, образовен и економски статус

-Подобрување на комуникацијата преку навременост и фер однос кон корисниците.

-Ефективно искористување на човечките и финасиски ресурси.

Во центарот на работењето на Библиотекате се читателите и сите корисници на нејзините услуги. Визијата на Локалната библиотека ,,Гоце Делчев" Велес е да информира, да едуцира и да го поттикнува културниот, образовниот и социјалниот развој на нашата општина и да ги задоволува потребите и интересите на читателската публика.

## 5.ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ .

Како институција од јавен карактер во која се негува творештвото, библиотеката има важна улога во развојот и градењето на едно демократско општество и афирмација на националниот културен идентитет. Таа претставува дел од културниот живот. Да се биде библиотека во 21 век е храбар предизвик на иднината, за кој е вреден секој направен чекор. Ќе ја отвориме вратата кон светот на книгата на идните генерации. Библиотеката е место каде што се храни умот. Целокупната јавност може да ја пронајде својата духовна храна според афинитетите и потребите. Во едно мултикултурно општество библиотеката има обврска да ги зачувува и да ги промовира различните култури и да го унапредува економскиот, културниот и социјалниот живот. Цели и приоритети на Библиотеката за 2026 година се:

- Библиотеката да прерасне во **современа модерна културна установа** - место каде ќе се вкрстуваат културата, уметноста, историјата, едукацијата и информацијата, затоа што таа не е само сервис којшто единствено има позајмувачка дејност, туку и место каде ќе се зачува и ќе се промовира културното наследство од нашиот град. За таа цел таа ќе се стреми кон организирање на библиотечниот кадар за брзо преструктуирање, во согласност со потребите и можностите на времето што доаѓа. Затоа ќе ги следиме светските трендови и ќе изградиме модерна библиотека која ќе ги овозможува истите услови како и секоја друга слична европска или светска институција.

-Услугите на Библиотеката да бидат **достапни до сите** без оглед на возраста, расата, полот, религијата, националноста, јазикот или општествениот статус..

- Поради современите текови на живеење и употребата на технлогијата во секојдневниот живот па и во образованието, **дигитализација** на книгите е неизбежна.

Едната причина е поради олеснување на пристапот на читателите до книгите а другата е поради зачувување на стари, оштететни и уникатни дела. Со согласност и изјава од авторот може да се направат во електронска форма и нивните книги. Овој процес е веќе започнат со ресурсите со кои располагаме и ќе продолжи и понатаму. Сепак, убавината на книгата нема да изумре, зашто убавината на држењето в раце не може да ја замени ниеден медиум.

- Библиотеката како **културно место** во кое се собираат љубителите на културата, покрај презентирање на библиотечниот материјал ќе органинизира бројни културни манифестации. Преку изложби на книги, изложби на фотографии, промоции, разни одбележувања на значај ни датуми, едукативни работилници за деца, јавни дискусии, ќе се трудиме да поттикнеме љубов кај јавноста да ја посетуваат библиотеката. Не е само место за позајмување на книги, туку и место во кое се твори, се создава, простор за учење и се негува културата воопшто.

-Техничко опремување со современи компјутери, канцелариски материјал и вложување во нова **ИТ-технологија.** Со нови и современи компјутери коишто ги содржат сите спецификации за подобра работа во COBISS, полесно и побрзо би се услужувале читателите. Во зависност од можностите и финансиските средства би се поставиле и компјутери со интернет за слободно користење од читателите и корисниците на услугите на Библиотеката. Компјутерската технологија ќе стане главен двигател во пребарувањето на книжен материјал, а интернет поврзаноста како и целосната имплементираност во COBISS-системот ќе биде придобивка повеќе на сите корисници.

-Приближување на услугите што ги нуди Библиотеката и книжевниот фонд поблиску до јавноста и до читателите преку постоечката веб-страница www.bibliotekaveles.org.mk и преку профил на Библиотеката на страната на facebook, се со цел побрза и точна информација за новоиздадените книги, за новонабавените книги, за сите случувања кај нас и во поблиската и подалечна околина, информација од сите издавачки куќи во земјата и пошироко. Ако има потреба од надградба на постоечката веб-страница ќе го сториме тоа поради обезбедување на поголем простор за собирање на податоци и информации.

-**Задоволување на културните потреби на припадниците** на сите национални групи кои егзистираат на територијата на општината. Единствено со таков пристап можеме да изградиме однос кој ќе ни гарантира атмосфера на почит, меѓусебно

разбирање и квалитетен соживот. Тоа ќе се постигне со набавка на литература што ја користат сите национални групи и зачувување на библиотечната граѓа на разни јазици и литература со податоци за разни култури и народи.

- Постоењето на висококвалификуван тим кој ќе биде на располагање во процесот на функционирање на библиотеката е од есенцијално значење за успешноста во остварувањето на тој процес. **Стручното оспособување** на библиотекарскиот кадар, кој ќе посетува семинари, курсеви, стручни предавања во НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје и други форми за стручно оспособување, за да можат да ја формираат и одржуваат базата на податоци за колективни и индивидуални извори. На тој начин ќе се создадат услови за практикување на современо библиотечно работење со примена на информациска и телекомуникациска технологија (изградба на автоматизиран библииотечен систем - БИС) и да обезбеди технички услови за индивидуален достап на корисниците до ОПАК (автоматизиран каталог на Библиотеката). Вработените библиотекари, освен посетените курсеви, стручно ќе се надградат преку работни средби со сите видови на библиотеки ширум државата, како што се : нацонални, локални, приватни, манастирски и др. Размената на искуства би довело до имплементирање на новини во библиотечното работење. Библиотеката ќе вложува во стручното надградување на вработените според расположливите финансиски средства. Подобрување на кадровскиот потенцијал преку нивно усовршување-едукација на вработените. Тие ќе учествуваат на семинари, предавања, конференции и меѓународни конференции кои ќе придонесат за унапредување на библиотечната дејност.

-Ќе се продолжи и со посетата на манастирски библиотеки во нашата држава со цел запознавање и почитување на културното наследство. Целта на оваа работна посета ќе биде запознавање со културното наследство на Македонија, а посебно да се разгледа и да се добијат информации за книжевното богатство на библиотеката со којашто располага манастирот. Посетата е во состав со програма за работа на Библиотеката во делот за збогатување на знаењето на вработените библиотекари како и придонес за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа, за развојот на образованието, културата, науката и други дејности;

- **Вработувањето** на нови и соодветни кадри за задоволување на целосните потреби на читателите како и за нормалното функционирање на Библиотеката. Моменталната кадровска состојба во Библиотеката е недоволно развиена од причина

што постои недостиг со човечки ресурси за потребите на самата Библиотека. Пополнување на работните места ќе го реализираме според Годишниот план за вработување за 2026година по добиена согласност од соодветните министерства.

-Приоритет на секоја библиотека е **зголемување на бројот на читатели** и посетители преку разни работилници, промоции, обуки, активности со сите институции на локално ниво.

-Јавно промовирање и афирмација на **Роднокрајното катче.** Императивна обврска на установата е овој библиотечен материјал како ретко и репрезентативно културно наследство да биде соодветно заштитен и чуван, адекватно на тоа и предаден на чување и грижа, на генерациите по нас. Со оваа катче, ќе биде зачуван, заштитен овој вреден материјал, а дел од него, како трајна раритетна поставка, ќе ја краси установата и ќе ја збогати локалната културна понуда и атрактивност, колку од научен, книжевен, толку и од туристички аспект.

- Продолжување на процесот на автоматизирањето на библиотечниот фонд, се до конечно внесување на целокупниот фонд на библиотеката во централната база на податоци - **COBISS (Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси)**

## 6. ДЕЈНОСТ И СТРУКТУРА НА БИБЛИОТЕКАТА

Локалната Библиотека „Гоце Делчев" е правно лице, локална установа од областа на културата со непрофитна цел, со права, одговорности, овластувања и обврски кои ги има врз основа на Законот и на Статутот. Во работењето со трети лица, Библиотеката истапува во свое име и за своја сметка и ги има истите овластувања во правниот промет со трети лица.

**Основната дејност на библиотеката е:**

-набавување, истражување, собирање, стручно обработување и проучување, заштитување, чување, објавување, информирање, презентирање и давање на користење библиотечен материјал;

-промовирање и афирмирање на библиотечниот материјал, движното културно наследство, преку изложби, предавања, литературни читања, семинари и курсеви, прикажувања на филмови и други форми на дејствување;

- обезбедување услови за користење и научно и стручно проучување на библиотечниот фонд;

- издавање на стручни публикации, каталози, водичи и друг информативен материјал;

-водење влезна евиденција, инвентарна книга, основен каталог и друг вид евиденција и документација;

-подготвување на библиотечни каталози, база на податоци, картотеки и нивно одржување;

-стручна обработка и чување на роднокрајниот библиотечен материјал од локално значење;

-вршење на библиографско-информациска и документациска дејност;

- следење на состојбите и нудење стручна помош на училишните и други библиотеки;

- стручно усовршување на библиотечните кадри;

- позајмување и размена на библиотечен материјал со други библиотеки;

- грижа за правилна примена на техничко-заштитните мерки за чување и одржување на библиотечен материјал;

- маркетиншко афирмирање на библиотечното работење;

-учество во одржувањето на националната заемна библиографска база на централните каталози и бази на податоци;

- задоволување на културните потреби на пошироката јавност;

- придонес за унапредување на стручната и научно-истражувачката работа, за развојот на образованието, културата, науката и други дејности;

-развивање на интерактивна комуникација со корисниците заради користење и популаризација на публикациите и другиот информативен материјал;

- вршење и други услуги со информации во електронска форма;

- вршење издавачка дејност, печатење и услужни активности;

-вршење и други активности од областа на библиотечната дејност согласно со Законот.

## 6.1 ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТИТЕ ВО БИБЛИОТЕКАТА

Раководењето и одговорноста за вкупната дејност на Библиотеката што произлегува од законските и од другите нормативни акти ги остваруваат Директорот и Управниот одбор. Кадровскиот дефицит е основен проблем со кој се судира Библиотеката во своето работење и поради тоа еден вработени извршува работни задачи за повеќе работни места. Моментално библиотеката има 8 вработени: Директор-

назначено и именувано лице, 4 библиотекари,1 библиотекарски помошник, 1 хигиеничар и 1 котлар. За успешно остварување на задачите и функциите предвидени со Законот за библиотеките, библиотеката ја организира својата дејност преку следниве служби:

-**Административна служба** -Во 2026 година оваа служба ќе ги извршува следниве задачи :заведување на влезни фактури и нивно плаќање и грижа за правилно канцелариско и архивско работење; Месечна пресметка и исплата на плати, изработка на МПП, сите видови плаќања, вирмански и во готово за трите сметки на библиотеката и сите благајнички работи; Водење Книга на основни средства и другата потребна евиденција; Изготвување решенија по разни основи, записници, одлуки од седниците на Управниот одбор, одлуки од директорот; редовно ќе следат и се применуваат новините во финансиско-благајничкото работење кое се одвива согласно со важечките прописи за финансиското и сметководствено работење; ќе изготвува завршни сметки за трите жиро-сметки, годишен извештај за пресметаните придонеси, даноци и нето плата; Изработување месечни, квартални и годишни статистички извештаи и доставување до Заводот за статистика; Изготвање на Годишен, Квартален и Месечен план за 2025 и доставување се до службите во Општина Велес и Министерството за култура.

-**Стручна служба** -Во составот на Библиотеката работат повеќе оддели кои во 2026 година ќе ги извршуваат тековните задачи, со цел постигнување на позитивни резултати во развивање и унапредување на библиотечната дејност преку набавување, собирање, стручно и научно истражување, креирење на библиотечна единица, внесување на библиотечните единици во COBISS веб апликацијата, чување, објавување, презентирање, афирмирање и давање на користење на библиотечниот материјал. Задачите предвидени за извршување во сите Оддели ќе ги обавуваат сите вработени во Библиотеката со меѓусебно надополнување.

-**Помошно - техничка служба**- Во текот на 2026г. вработените лица за одржување хигиена и за одржување на системот за парно греење совесно ќе ги вршат своите работни задачи. Хигиената во Библиотеката ќе биде на високо ниво. Одговорно за системот за парно греење ќе се грижи за негово непречено фукнционирање.

## 6.2-ФИНАНСИРАЊЕ НА БИБЛИОТЕКАТА

Финансирањето на Библиотеката како единка буџетски корисник, дел е преку Министерство за култура со блок-дотации, а дел од самофинансирачки активности (од

членарини во библиотеката и од другите услуги кои ги нуди библиотеката). Финансирањето на Библиотеката ќе се одвива преку три сметки:

-Сметката **7110109407 903 10** е сметката за наменски дотации на Општина Велес од страна на Министерството за култура.Таа сметка е наменета за исплата на плати и други материјални трошоци неопходни за непречено одвивање на предвидените активности на Библиотеката (одобрен финансиски план за 2026 година). Средствата од блок-транскацијата ќе се искористат строго наменски за да може Библиотеката како јавна институција непречено да ја извршува својата дејност.

-Сметката е **7110109407 787 15** е сметка за сопствените приходи кои ги остварува Библиотеката како резултат на приходи добиени од уписи на членовите и други извори на финансирање (одобрен финансиски план за 2026 година).

-Сметката **1801009407 603 11** е наменета за исплаќање на финансиските средства кои се добиени во рамките на Годишната програма за остварување на национален интерес во културата за 2026 година од страна на Министерството за култура и туризам. Исплатите на оваа сметка  се вршат според потпишан Договор и Оперативен план и динамика за реализација на секој поединечен проект помеѓу Библиотеката и Министерството за култура. Локалната библиотека „Гоце Делчев" од Велес аплицираше со осум проекти на Годишниот конкурс за финансирање  проекти од национален интерес од областа на културата за 2026 година:

1.„Читаме домашни автори" - проект за презентација и промоција на домашни автори и нивно јавно промовирање пред соодветна публика;

2.„За сите деца"- проект за реализација на работилница по повод Светски ден на детото во соработка со ОУРЦ Маца Овчарова Велес со вклученост на деца со типичен и атипичен разст и развој.

3.„Рациновото културно наследство"- проект наменет за промоција на книжевно културно наследство и  уважување на ликот и делото на Рацин.

4.„Општински натрепевар „Млади библиотекари 2026г"-проект наменет за организација и реализација на општинскиот натпревар „Млади библиотекари"

5.„Лето во библиотека"-проект за спроведување на работилница во месец јули со деца за поттикнување љубов кон книгата, литературата и творештвото.

6.„Набавка на монографски публикаци за Одделот за возрасни"-проект за набавка на книги со цел зголемување на библиотечна гража во библиотеката и задоволовање на потребите на читателите

7. „Набавка на монографски публикаци за Одделот за возрасни"-проект за набавка на книги со цел зголемување на библиотечна гража во библиотеката и задоволовање на потребите на читателите

Се надеваме дека овие проекти ќе бидат одобрени за финансирање од страна на Министерството за култура и туризам и со тоа оваа жиро-сметка ќе биде во функција и средствата ќе се користат за реализација на овие проекти.

## 6.3 ЗАДАЧИ НА СИТЕ ОДДЕЛИ КОИШТО ФУКНКЦИОНИРААТ ВО БИБЛИОТЕКАТА

Во составот на Библиотеката работат повеќе оддели кои успешно ги извршуваат тековните задачи, постигнувајќи позитивни резултати во развивање и унапредување на библиотечната дејност кои според Законот за библиотечна дејност се :преку набавување, собирање, стручно и научно истражување, чување, објавување, презентирање, афирмирање и давање на користење на библиотечниот материјал. Задачите предвидени за извршување во сите оддели ги обавуваат сите вработени во Библиотеката со меѓусебно надополнување.

**-Оддел за набавка на книжен фонд**

Дополнувањето и обновувањето на фондот како и досега ќе биде една од основните задачи во работата на Библиотеката и во 2026 година, затоа што од неговата содржина и разновидност зависи и интересот на корисниците на библиотечните услуги и во крајна линија, бројот на читателите. Квалитетен и функционален книжен фонд е вистинско богатство за секоја библиотека. При комплетиратњето како една од најважните задачи на Библиотеката во 2026 година ќе води грижа за задоволување на интересите на читателите и постојано ќе се следи издавачката продукција во земјата. Ќе се набавува литература од сите жанрови, но и едукативни изданија за потребите на студентите, сликовници за најмалите, книги за тинејџери, лектирни изданија во координација со професорите од основните и средните училишта. Нормално, значајно место во целокупната набавка се дава на белетристиката за деца и за возрасни што ја бараат читателите од сите категории, посебно македонски романи и други актуелни наслови, капитални дела, енциклопедии, речниците и лексикони. При набавката на книжниот фонд секогаш се земаат предвид

предлозите на читателите кои ги оставаат во соодветно сандаче во просториите на Библиотеката.

Набавката на книжниот фонд се врши од средствата претходно предвидени во финансискиот план за 2026 година. Книжевниот фонд ќе се зголеми и по пат на донации на книги од роднокрајни автори, амбасади, и сл. Збогатувањето на книжниот фонд ќе се врши од буџетски средства, но и од сопствени приходи според одобрен финансиски план за 2026г.

**-Оддел за роднокрајна збирка;**

Одделот за роднокрајна литература, како значајно роднокрајно катче на Библиотеката, содржи најразновиден и специфичен библиотечен материјал. Во него се опфатени публикации, документи, ракописи, докторски и магистерски трудови, ситен печат, касети, плочи, плакати, карти, фотографии, ЦД-а и друг вид печатен или ракописен материјал, чиишто автори се од Велес или пак делата се однесуваат на Велес. Главна задача на овој оддел во 2026 година е да ги следи новите книги или друг вид пишувани материјали што се однесуваат на културното и научното живеење во градот. Тоа се нови книги, изложби, литературни претставувања, книжевни средби и друго, со што роднокрајната збирка се надополнува и збогатува.

Книгите во Роднокрајниот оддел претставуваат културен траен документ за сите случувања во Општина Велес. Роднокрајниот оддел е вклучен во електронското библиотечно работење COBISS, а во 2026 год. ќе се надополнува, на тој начин ќе им стане полесно достапен на корисниците, посебно на оние што истражуваат на разни теми и од разни области во Велес.. Затоа во 2026 година ќе се посвети посебно внимание на собирање, комлетирање и обработка на овој вид библиотечен материјал и промоција на делата на роднокрајните автори. За поголемо истакнување на целокупниот материјал од овој оддел Библиотеката ги има поставено во посебно Роднокрајно катче видно за сите посетители. Библиотеката има обврска да го збогатува фондот на установата и со купување книги од роднокрајните автори и од автори кои што пишуваат за Велес и Велешко. Често доаѓаат автори кои ги нудат своите книги за откуп. Купувањето на книги кои што третираат роднокрајни теми, е уште побитно и за самите автори, што пак, значи наш придонес во процесот на стимулирање на роднокрајното творештво. Во рамките на политика за збогатување на оваа збирка, но и со цел, негување на комуникациите и соработката со своите целни групи, особено е битно установата на овој план редовно да

набавува одреден број примероци од годишните изданија на членовите на Клубот писатели „Коста Солев Рацин“, токму за потребите на Роднокрајната збирка.

**Оддел за странска литература;**

Во Библиотеката во овој оддел за странска литература, читателите можат да најдат литература на повеќе јазици. Се надеваме, во соработка со странските дипломатски претставништва, ќе обезбедиме и повеќе литература на различни јазици, затоа што има големо побарување за нив од нашите читатели. Овие оддели ќе се промовираат преку работилници и одбележување на посебни денови поврзани со различните јазици. Во 2026 г. Библиотеката, исто така во рамките на своите финансиски можности ќе се стреми кон збогатување на овој книжен фонд.

**- Оддел за периодика;**

Овој оддел во текот на 2026 година континуирано ќе продолжи да набавува „Службен весник“ и кој ќе биде достапен за сите граѓани од Велес во читалницата Библиотеката. Ќе се продолжи да се набавува и списание Месечен билтен за финансии, буџети во издание на Македонија биро кое ќе служи како поткрепа во работата на административната служба и Директорот во однос на сите правни и законски постапувања. Се чуваат и стари броеви од весниците на “Нова Македонија“ и „Вардарски глас“. Со започнувањето на дигитализацијата ќе продолжат да се скенираат и наредните броеви од весникот „Вардарски глас“. Ќе продолжи поддршката во откуп на списанието „Велес“ во издание на Клуб на писатели „Коста Солев Рацин“.

**- Оддел за позајмување и услуга со стручна обработка во Организациските единици во Богомила и Градско**

Организациската единица Градско својата дејност ја извршува во целост исто како и Библиотеката во Велес. За нејзиното фукнционирање задолжен е еден библиотекар кој ќе ги извршува работните задачи на сите оддели. Ќе применува повеќе форми и методи на работа преку кои ќе се поттикнуваат корисниците за негување на навиката за читање. И во 2026 година континуирано ќе се следи интересот и потребите на корисниците за одредени наслови и соодветно на тоа, ќе се врши набавка на новите изданија. Ќе се продолжи со внесување на книжниот фонд во COBISS. Локалната библиотека „Гоце Делчев“ дава техничка помош за работењето и успешно извршување на библиотечните процеси и овозможува стручно надградување и усовршување на библиотечниот кадар во организациската единица.

На Организациската единица во Богомила, која повеќе години не е во функција, треба правно да и се реши статусот, бидејќи целокупниот нејзин книжен фонд поради оштетеност и неактуелност веќе е отпишен од НУБ „Св.Климент Охридски" Скопје. Затоа во престојната 2026 год. ќе настојуваме да се заврши правно започнатиот процес.

**-Оддел за техничка и стручна обработка (каталогизација) на монографски публикации за деца и возрасни**

Целокупниот новопристигнат материјал веднаш се обработува и во најкус можен рок се става на располагање на корисниците. Се прави техничка обработка (инвентарирање, сигнирање, потпечатување и сместување) на целокупниот книжен фонд што пристигнува во Библиотеката. При обработка се применуваат стандардизирани библиотечни правила и прописи, според усвоените меѓународни библиотечни стандарди International Standard Bibliographic Description (ИСБД) за монографски публикации и Универзална децимална класификација Univerzal Decimal Classification (УДК). Обработката на библиотечниот материјал исто така е една од поважните задачи и таа се состои во креирање, ажурирање и превземање на библиографски записи во локалната од главната база на податоци COBISS.MK според усвоените библиотечни стандарди и Универзалната децимална класификација. Стручна обработка на библиотечната граѓа ќе ги опфати следниве дејности: формирање стручни и предметни индекси на монографски и периодични публикации на книжниот фонд за возрасни, книжен фонд за деца, роднокраен и подвижен книжен фонд, изработка на единствен библиографско-каталожен опис за библиотечната граѓа (ISBD(M). Овој креиран каталог им овозможува на нашите корисници да ги пронајдат потребните наслови, а исто така можат да позајмат книги и од библиотеките во другите градови. Во 2026 година се предвидени финансиски средства за обука и едукација на библиотечкиот кадар за стекнување на нови сертификати кои ќе им овозможат работа во COBISS. Во 2026 година ќе се продолжи со тековна библиографско -каталошка обработка на податоци којашто опфаќа обработка на монографски публикации, креирање на каталози и инвентарни книги. Со внесените податоци во базата **COBISS** се создадоа услови и се стартува со реализација на втората фаза на автоматизација на библиотечните процеси, всушност автоматизација на позајмната служба. Во 2026 година продолжува процесот на автоматизирањето на библиотечниот фонд, се до конечно внесување на целокупниот фонд на библиотеката во централната база на податоци - COBISS (Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси). Во

овој оддел работните задачи ги извршуваат библиотекарите кои се обучени според потребите.

Во електронскиот каталог, освен што ќе се надополнува со нови наслови книги, ќе се продолжи со ретроактивно внесување на старите книги заради комплетна каталошка евиденција на целокупниот книжен фонд на Библиотеката. Овој каталог, освен за основна евиденција, ќе служи и за информирање за достапноста на одредена книга или наслов на сите читатели, но и потенцијални нови корисници, коишто можат по електронски пат од кое било место да проверат дали посакуваниот наслов се наоѓа во фондот на Библиотеката. Во електронскиот каталог, освен што ќе се надополнува со нови наслови, ќе се продолжи со ретроактивно внесување на старите книги заради комплетна каталошка евиденција на целокупниот книжен фонд на Библиотеката. Овој каталог, освен за основна евиденција, ќе служи и за информирање за достапноста на одредена книга или наслов на сите читатели, но и потенцијални нови корисници, коишто можат по електронски пат од кое било место да проверат дали посакуваниот наслов се наоѓа во фондот на билиотеката.

Со цел поттикнување на научно истржувачка дејност, како и за други потреби, има можност да се види дали одредениот наслов го има во која било друга библиотека во Република Македонија и, доколку е потребно, преку меѓубиблиотечно позајмување, истиот да се обезбеди за потребите на корисникот. Со самото електронско внесување овозможена е и комплетна аналитика по книга, автор и наслов што понатаму ќе се користи при проекција на планови и задачи за набавка и обнова на тековниот книжен фонд. Притоа, при електронско внесување се користи и креирање на нормативни записи со лични имиња како контролна точка на пристап до информации. Електронската обработка овозможува комплетна аналитика по библиотечна единица, автор и наслов што понатаму се користи при проекција на планови и задачи за набавка и обнова на тековниот книжен фонд. Притоа при електронско внесување се користи и креирање на нормативни записи со лични имиња како контролна точка на пристап до информации. Ова се остварува со помош на креирање, ажурирање и преземање библиографски записи во локалната база COBISS како и главната база на податоци COBISS.MK. Секоја година системот се надградува и унапредува според потребите, како на библиотекарите така и на крајните корисници.

За работа во единствената библиотечна програма COBISS Библиотеката има закупено четири работни станици кои служат за стручна обработка на библиотечните единици и за вршење на позајмната дејност. Закупнината, во рамките на проектот "Автоматизација на библиотеките во РМ", ја реализира Министерството за култура и туризам и Библиотеката. Заради следење на новите технолошки трендови во автоматизацијата на библиотечните процеси, освен потреба од технички средства, редовно се врши и едукација на библиотечен кадар. За таа намена и во програмскиот период ќе се продолжи со следење на сите семинари и обуки што ги организира Националната универзитетска библиотека ,,Св.Климент Охридски" каде што се наоѓа COBISS центарот како и дел од обуките на креаторот на софтверот COBISS - Институтот за наука и уметност ИЗУМ од Словенија.

Потребата од инвестиции во компјутерската опрема за тековно работење на COBISS системот зависи од редовните ажурирања на системот и укажувањата на координаторот од НУБ „Св.Климент Охридски" Скопје.

**- Оддел за позајмување, услуга и информации за возрасни и деца**

Оваа работна задача овозможува секој корисник да добие информација и стручна помош за одреден наслов од книжениот фонд од страна на библиотекарот и да го позајми потребниот наслов. Исто така во позајмната служба, преку COBISS се евидентира секој читател, се резервира потребната книга, со заштита на личните податоци. Оваа служба покрај зачленување на индивидуални и групни корисници, врши и позајмување библиотечна граѓа и одржување картотеки со задолженија, дава информации и обука на корисниците за условите и начините на користење на библитоечната граѓа, се грижа за состојбата на библиотечната граѓа, врши меѓубиблиотечно позајмување, води статистика за обемот и видот на користената библиотечна граѓа, методско-инструктивна работа со најмладите корисници и учествува во ревизии на книжните фондови и др. Ќе се продолжи да се доделуваа традиционалните наградa за најчитатели на годината. Во овој оддел работните задачи ги извршуваат сите библиотекари.

**-Оддел за заштита и репрографија на библиотечниот фонд-книговезница;**

Современото библиотечно работење носи со себе интензивно користење на библиотечните фондови со што се јавува потреба од постојана обнова и грижа за нивна заштита. Комплетната заштита на библиотечниот материјал е мошне суштинска работа, бидејќи бара оптимални услови за чување – потребно е преземање мерки за спречување

и отстранување на физичките, хемиските и биолошките негативни влијанија, не треба да се изложени на влага, на сонце и сл. Тоа подразбира правилно сместување и ракување со библиотечниот материјал, следење на состојбата во која се наоѓа, подврзување и укоричување на некои оштетени книги, како и на разните томови весници и друг периодичен материјал. За таа цел, библиотеката има потреба од дополнителни простории за соодветно сместување на библиотечната граѓа. Се повеќе се појавува проблемот од недостаток од простор.

Во 2026 година во одделот за репрографија се продожи со средување на старите и оштетени книги. Ќе се врши укоричување, подврзување и лепење на библиотечниот материјал. Библиотечниот фонд е постојано изложен на надворешно влијание од т.н. човечки фактор, па затоа е потребно од време на време да се санираат одредени публикации или комплтено да се изолираат (доколку станува збор за ретки едиции). Од аспект на современото работење, сметам дека една модерна библиотека каква што претендира да биде локалната библиотека „Гоце Делчев", мора да се води од основните принципи и начела на библиотечното работење, а тоа е целосна искористеност на Кооперативен онлајн библиографски систем и сервиси или COBISS. За оваа цел ќе се насочиме кон:

- Дигитализација на ретките едиции и изданија, како би се спречило нивно уништување. Дигиталните копии ќе се зачувуваат на CD (compact disk) и како такви изданија ќе им бидат достапни на граѓаните.
- Конзервирање и заштита на историски вредните наслови.
- Тековно подлепување и првично санирање на искинатите книги. Секоја книга заслужува уште една шанса.

Во овој оддел работните задачи ги извршуваат сите библиотекари.

## 7.АФИРМАЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАТА И БИБЛИОТЕЧНАТА ДЕЈНОСТ

Библиотеката со својата дејност ќе се труди да биде присутна помеќу целокупната јавност во Велес. Со своето дејствување ќе се труди да ја доближи библиотекарската професија до публиката.

Еден сегмент од **библиотечната дејност** е популаризација на книгата затоа низ разни литературни форми ќе се стреми што повеќе да се доближи книгата до секој корисник. Медиумската кампања е исто така важна за самото функционирање на библиотеката, за

важноста на книгата и читањето во животот на младиот човек денес. **Популаризација на книгата** во библиотеката ќе се остварува преку промоции на книги, средби со писатели, литературни читања, организирани посети на просториите на Библиотеката за најмалите, изложби на книги, литературни конкурси, медиумски настапи, претставувања на најнови наслови и издавачки куќи и сите други книжевни манифестации и настани на кои во центарот на вниманието е книгата. За реализација на овие активности ќе се предвидат финансиски средства во Финансискиот план за 2026 година. .

Преку остварување поголем контакт со младите членови, интерактивна работа со нив, можност за отворање на тематски групи, секции и катчиња, сè со цел помасовно активирање на младите во рамките на една културна установа. За оваа цел традиционално се доделуваат **награди за најредовните читатели** за изминатата година.

Подготовка и поддршка за учество на нашите членови за учество на натпреварите за млади библиотекари. Ќе се подготвуваат нашите членови за учество на натпреварот за **млади библиотекари** кој се реализира традиционално секоја година. Во соработка со БЗМ и според нивни насоки во 2026 година ќе се реализира Општински натпревар а победникот ќе оди на Републички натпревар.

Приоритет на секоја библиотека е **зголемување на бројот на читатели** и посетители во истата. Ќе се стремиме кон зачувување на постоечките и провлекување на нови членови и читатели. Тоа ќе се постигне покрај со набавка на квалитетни книги и со изведување на јавни трибини и акции за популаризација на книгата ,можност за организирање на читателски клуб каде членовите редовно ќе се дружат и ќе дискутираат за одредени книги. Покрај овие активности Библиотеката ќе организира гостувања по локалните основни и средни училишта заедно со еминентни писатели (роднокрајни и од државата) каде што самите млади ќе можат да се запознаат одблизу со авторот на книгата. Во овој оддел работните задачи ќе ги извршуваат сите библиотекари.

## 8. ИНВЕСТИЦИИ

-За обработка на библиотечниот материјал и одржување на каталозите на стручната служба за техничка обработка на книгите, Библиотеката ќе набави етикети и рибони, членски карти, налепници на книгите.

-Ќе се продолжи со осигурување на недвижниот имот на Библиотеката од пожар, поплава и каражба.

-Инвестиции во тековно одржување на техничкиот и материјален имот како поправки и одржување за нормално функционирање (оддржување на видео надзорот, поправка и одржување на алармен систем на зградата, набавка на потребен инвентар за подобрување на условите за работа, одржување и поправка на лифтот, одджување и надградба на веб-страницата)

-Набавка на потрошен, ситен и канцелариски материјал за тековно работење на вработените во Библиотеката

-Инвестирање во стручно усовршување наа вработените преку посета на обуки на вработените организирани од НУБ „Св.Климент Охридски "Скопје. Обука и едукација на библиотекарите за работа во современиот библиотечно –информатички систем. Посета на разни конференции, сипозиуми, научни и библиотекарски собири.

-Набавка на нафта-течно гориво за функционирање на системот за парно греење

-Набавка на книги според одобрен финансиски план за 2026г.

-Тековно одржување на зградата на Библиотеката по потреба од градежни зафати и санирање на настанати проблеми и било каков дефект.

## 9.ГОДИШНА ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ

Проекти и активности кои ќе се реализираат во текот на целата година се:

1.Организирани **посети од ученици** со своите наставници од сите основни и средни училишта од Општина Велес и Општина Градско.

2. **Наш предлог за месецот**- проект со којшто на почетокот на секој месец Библиотеката ќе споделува предлог книга за читање. Со ова би се појавило интерес кај читателите да се прочита предложената книга, или пак би се мотивирале лица кои што не се членови да се зачленат.

3. **Најчитани книги во текот на еден месец**-проект со којшто на крајот од секој месец Библиотеката ќе споделува кои пет книги биле најчитани и позајмувани во изминатиот месец, посебно од Одделот за деца и посебно од Одделот за возрасни.

4.Изложба на **нови наслови** во библиотеката –Со секое добивање на нови наслови од издавачките куќи, Библиотеката ќе ги промовира на тој начин што ќе прави изложби од новите книги и ќе ги споделува на социјалните мрежи. Целта е запознавање на јавноста

со литературата што ја поседува и поттикнување на интересе што побргу да се појазми посакуваната книга.

5.Одбележување на **посебни датуми** за познати личности преку споделување на социјалните мрежи нивни книги, податоци за ликот и творештвото. Со овој проект ќе се дава почит кон докажаните автори и нивниот придонес во литературата и ќе се мотивираат останатите автори за продолжување на нивното творештво. Посебно ќе се оддаде почит кон роднокрајните автори. Од друга страна пак читателите и публиката ќе дознаваат податоци за авторите и делата. Наша чест и должност е како генерација актуелни вработени во Библиотеката, да им оддадеме почит на великаните, за историскиот и културен влог во постоењето и развојот на современиот македонски јазик и книжевност.

6. **Промоции на книги** – ќе се реализираат тековно во зависност од новоиздадените наслови од роднокрајните и од други автори од државата. Распоредот и динамиката на организирањето на овие промоции на книги ќе се реализираат според моменталната и тековната состојба на Библиотеката. Ќе се внимава на финансиските импликации, човечките ресурси како и можностите на библиотеката. Финансиски трошоци за организирање на промоции на книги ќе бидат предвидени во годишниот финансиски план за 2026г.Тука ќе бидат вклучени исплата на договори за ангажирани лица за промотори на настанот, финансии за откуп на книги од авторот и средства за репрезентација за освежување и закуска.

7.Организирање на разни **работилници** со деца, ученици и возрасни или предавање на одредена тема коишто културни настани не се предвидени со конкретен датум или временска рамка. Финансии кои ќе се предвидат за нив во финансискиот план за 2026г. се за исплата на договори за ангажирани лица на настанот, средства за репрезентација за освежување и закуска како и средства за материјални трошоци за разни изработки и потрошен материјал.

8.Реализација на **проектите кои ќе бидат одобрени за финансирање од страна на Министерството за култура и туризам** по конкурсот за проекти од национален интерес во културата за 2026г. Овие проекти си имаат своја временска рамка и ќе се надополнат помеѓу другите активности.

9.Организирање и реализација на **предавање, советување или презентации** од некоја област поврзана со образованието, културата, здавството и здравото живеење, исхраната, спортот како и за целокупното позитивно делување врз јавноста. Финансии кои ќе се предвидат за овие настани во финансискиот план за 2026г. се за исплата на договори за ангажирани лица на настанот, средства за репрезентација за освежување и закуска како и средства за материјални трошоци.

**Предлог активности по месеци**

**ЈАНУАРИ**:

- Интервју со роднокраен автор.
- Одбележување на Меѓународен ден на Брајовото писмо со промовирање на Брајовото катче во Библиотеката..
- Изложба од книги со соодветна содржина по повод Божиќ
- Прибирање на информации и истражувачка дејснoст за роднокрајниот автор Коле Неделковски со цел изработка на видеозапис за животот и делото
- Распишување на литературен конкурс по повод одбележување на 4 февруари – денот на раѓањето на Гоце Делчев

**ФЕВРУАРИ**

- Одбележување на 4 февруари – денот на раѓањето на Гоце Делчев- Доделување на награди од литературен конкурс. Доделување на дипломи и награди за најчитатели во изминатата 2025г., како и благодарници за соработка на институциите и благодарници за донации на лицата кои што донирале книги или средства.
- Одбележување на денот на раѓањето на Георги Шоптрајанов (2 февруари)-со организирање на настан за запознавање со неговиот лик и дело во соработка со Комисија за одбележување на значајни датуми при Општина Велес.
- Одбележување на 21февруари - Меѓународен ден на мајчин јазик (признаен од ООН)

**МАРТ**

- Организирање на  Саем на книгата

- Одбележување на 8 Март - меѓународниот ден на жената. Во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ ќе се организира литературен конкурс. Дипломите ќе се доделат на пригодна свеченост.
- Книжевен портрет на автор пред соодветна публика.
- Одбележување 21-ви Март - Светскиот ден на поезијата со традиционално поетско читање во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес во кое можат да учествуваат сите љубители со своите омилени стихови. Ќе се читаат извадоци од поезијата на големите поети кои твореле на нашите простори.
- Распишување на литературен конкурс по повод одбележување на 2 април – денот на раѓањето на познатиот дански писател за деца Ханс Кристијан Андерсен

**АПРИЛ**

- Одбележување на 23 април- Денот на книгата и авторското право. Книжевна средба со роднокраен автор пред соодветна публика.
- Книжевна работилница со ученици од средните училишта на дадена книга
- Одбележување на Меѓународниот ден на литературата за деца, 2 април – раѓањето на познатиот дански писател за деца Ханс Кристијан Андерсен, со гостување на авторо за деца и доделување на награди по распишан литературен конкурс .
- Прибирање на информации и истражувачка дејсност за роднокрајниот автор Коле Неделковски со цел изработка на видеозапис за животот и делото

**МАЈ**

- Оддавање почит на Патронот - 4ти Мај- со реализација на историски час на оваа тема
- Одбележување на 5 мај 1945-ден на македонскиот јазик-кога е озаконета македонската азбука.
- Организирање на натпреварот „Млади библиотекари“, на кој учествуваат ученици од основните училишта од општините Велес, Градско и Чашка.
- Учество во Републички натпревар „Млади библиотекари“ со победникот од општинскиот натпревар
- Одбележување на Денот на сесловенските просветители – Св.Кирил и Св.Методиј.-работилница со ученици од одделенска настава за убаво пишување-краснопис

- Проект „Приказна за добра ноќ"- Посета на сите клонови од детската градинката „Димче Мирчев" со презентација на соодветна литература и читање на омилената приказна на децата од најголемата група. Овој проект се спроведува изминатите две години и ќе продолжи и наредната се со цел поттикнување на љубов кон книгата уште од најрана возраст. Овој проект е традиционален ова ќе биде 4 година по ред од негова раеализација.
- Посета на Саем на книгата во Скопје-оваа посета би била од корист на вработените од Библиотеката за согледање на сите нови понуди од издавачките куќи од цела држава. Оваа посета исто така има значење и за запознање со повече автори кои што имаат промоции во рамките на саемот.

**ЈУНИ**

- Одбележување на 1 јуни - Меѓународен ден на детето со изложба на книги за деца
- Предлог книга за летниот распуст -„Прочитав јас-прочитај и ти"- проект во кој што наши читатели, преку снимање на видео снимки им даваат предлози на другите читатели која книга да ја прочитаат што ја има во нашата Библиотека во текот на летниот распуст. Најважно правило е прочитаната книга да не е училишна лектира. Со овој проект читателите посебно децата ќе се мотивираат за читање на книги надвор од задолжителните лектирни изданија. Ќе се поттикнува љубов кон книгата и пишаниот збор.
- Споделување на видеа од проектот -Предлог книга за летниот распуст -„Прочитав јас-прочитај и ти"
- Портрет на еден автор.
- Работилница „Библиотерапија" со повозрасни читатели во соработка со библиотеката од Струмица „Благој Јанков-Мучето".

**ЈУЛИ**

- Реализирација на активност „Секој сака да чита," - да ги обучиме повозрасните лица сами да пребаруваат на интернет во согласност со нивните потреби и возраста. На тој начин ги вклучуваме лицата од третата доба.
- Работилница со деца „Лето во библиотека" - доброволно учество во четиридневна работлница во која децата љубители на пишаниот збор ќе се дружат со книгата, ќе се запознаат каков е патот на една книга-од идеја до реализација..

- Споделување на видеа од проектот -Предлог книга за летниот распуст -„Прочитав јас-прочитај и ти“-

**АВГУСТ**

- Одбележување на 2 Август – Илинден.
- Запознавање на корисниците со пребарување во електронскиот COBISS систем на каталози, библиографии со цел побрзо да ги најдат потребните наслови или да работат на стручни и научни трудови користејќи го библиотечниот материјал.
- Одбележување на 9 август-Меѓународен ден на љубителите на книги преку онлајн натпревар на Facebook-страницата, а победниците ќе добијат подарок книги.
- Споделување на видеа од проектот -Предлог книга за летниот распуст -„Прочитав јас-прочитај и ти“

**СЕПТЕМВРИ**

- Одбележување на 2 септември - денот кога загинал поетот Коле Неделковски со културен настан во село Војница во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин и ЛУ Народен музеј на град Велес-традиционално библиотеката се вклучува во реализацијата на овој културен натан со цел оддавање на почит кон ликот и делото на овој поет.
- Во соработка со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ поддршка во организација на Меѓународен фестивал на сатирата„Џинот“
- Одбележување на 8 Септември со читање на патриотска поезија
- Одбележување на 26 септември – Европски ден на јазиците преку презентирање на катчињата со странска литература во Библиотеката.

**ОКТОМВРИ**

- Снимање и изработка на видеозапис за ликот и делото на Коле Неделковски
- Одбележување на празникот 11ти Октомври
- Посета на ученици од и запознавање со работата во Библиотеката, библиотечното работење и библиотечните услуги. Со оваа активност практично го одбележуваме „ Месецот на книгата“.
- Книжевни раговори со ученици од средните училишта

**НОЕМВРИ**

- Вклучување во пригодната програма за одбележување на 9-ти Ноември организирана од Општина Велес
- Вклучување во организација на 57 „Детските Рацинови средби".
- Одбележување на 25 ноември денот кога е испечатена стихозбирката „Бели мугри". Во таа чест ќе организираме литературно читање на песни од стихозбирката. соработка со Комисија за одбележување на значајни датуми при Општина Велес.
-

**ДЕКЕМВРИ**

- По повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лица со попреченост ќе се организира работилница со користење на литература со соодветна тематика
- Литературно дружење со читање на поезија од Коле Неделковски по повод денот на неговото раѓање 16 декември
- Распишување на литературен конкурс по повод Нова година заедно со Клубот на писатели „Коста Солев Рацин" и доделевање на награди на свеченост по повод Нова година.

Активностите на Библиотеката во текот на 2026 ќе се реализираат во зависност од моменталната финансиска состојба, расположливите средства и интересот за соработка со институциите и човечкиот фактор. За активностите да бидат реализирани на повисоко ниво зависи од сите фактори. Активностите коишто се определени за изведба по месеци можат да се зголемат, да претрпат измени, да се дополнат со нови, во зависност од моменталните услови.

- **Финансии** кои ќе се предвидат за реализација на сите активности во финансискиот план за 2026г. се за исплата на договори за ангажирани лица на настанот како промотори, предавачи, дирекно вклучени лица во самиот настан, средства за репрезентација за освежување и закуска, патни трошоци, како и средства за материјали за разни изработки потребни за настанот. Предвидените сресства ќе се трошат разумно и плански преку целата година.

## 10.СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Во изминативе години забележлив е константен пораст на активностите на библиотеката, како на културен така и на библиотечен план. Но тоа не значи дека работите се доведени до совршенство и дека нема потреба од понатамошно

доусовршување, како на кадарот, така и на книжниот фонд и активностите на самата библиотека. Локална библиотека „Гоце Делчев“ Велес како отворена библиотека има соработка со многу здруженија, компании, се со цел да бидеме подобар сервис на нашите членови.. Во состав на тоа, Локалната билиотека „Гоце Делчев“ ќе биде секогаш подготвена за меѓусебна соработка и поддршка на овие организации, во рамките на своите можности и просторни капацитети. Поддршката и соработката на организациите кои работат проекти со деца и младинци има за цел стекнување на нови и трајни знаења кај децата и младите и нивна социјализација, преку интересни, иновативни и креативни работилници, дебати, дисикусии, натпревари, литературни фестивали и слично.

1.Соработка со Здружение на слепи лица на Општина Велес, преку збогатување и одржување на Брајовото катче во Библиотеката.

2.Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ континуирано соработува со Библиотеката преку одржување промоции на книги, збогатуваање на Родокрајното катче, средба со писатели и поети, организација на литературни манифестации и сл.

3.МДПС Премиера-соработката се состои во заедничка реализација на проекти , одбележување на значајни настани за градот Велес, организација на заеднички манифестации.

4.Останати институции со кои Библиотеката редовно и континурано ќе соработува се: основните и средни училишта на територијата на Велес, детската градинката „Димче Мирчев“, Локалната установа Народен музеј Велес и ООМУ„Стефан Гајдов“ Велес.

5.Продолжување на воспоставената соработката со сите библиотеките во државата. Ораганизирањето на работни средби и заеднички активности е од големо значење за размена на искуства, заедничко решавање на одредени проблеми од библиотечното работење, надградување на стручниот кадар и подобрување на услугите што ги нудат библиотеките.

6.Соработка и продолжување на членството во Библиотекарско здружение на Македонија, присуство на седниците и настаните организирани од БЗМ.

7.Здружение на пензионери - Велес со Библиотеката соработува со нивно вклучување во сите настани и активности. Заедничка организација на промоции на книги со цел лицата од третата доба да бидат активни чинители на културата во Велес.

8.Државен архив одделение Велес-продолжување на воспоставената соработка, одржување на Историското катче.

## 11.РЕЗИМЕ

Денес Библиотеката како никогаш досега минува низ крупни и непрекинати промени во своето работење како последица од брзиот напредок на информатичката технологија, информациската наука и општеството. Тие иновативни промени треба да се искористат и да се приспособат, со што би се зголемил интересот на популацијата за Библиотеката и за користење на нејзините фондови и услуги. Новонастанатите услови на живот и работа бараат повисоки образовни стандарди, затоа мора секојдневно да се унапредува библиотечната дејност. Најсложен предизвик поставен пред библиотеките е приспособување на пристапот кон корисниците, да се најдат покреативни пристапи кон соодветната група на корисници. За да одговориме на предизвиците што ги носи развојот на информатичкото општество, потребно е развој на специфични библиотечни апликации, отворен пристап, можност за користење на достапни бази на податоци, но истовремено да се менува профилот на библиотекарот, тој да креира нови модели на библиотечни услуги, со цел да се привлечат поголем број на корисници од сите категории, кои бараат брза и квалитетна информација.

Библиотеката ќе ја следи динамиката на новата ера и ќе одговори на новите предизвици кои ги наметнува современиот начин на живот. Така концепирана библиотеката ќе придонесе за подобрување на пристапот кон граѓаните и информирање на корисниците за услугите што ги нуди таа. Иднината носи нови предизвици пред библиотекарите, да се направи баланс помеѓу старото и новото, да не се запостави мисијата на библиотеките - популаризација на читањето но, и да се пронајдат нови содржини. Во услови на современа информациска технологија, сѐ помалку ќе се оди на физичко користење на книгата, а повеќе ќе се користат електронските публикации и дигитализирани текстови на книги. Библиотекарите за да одговорат на барањата на кориниците ќе бидат повеќе насочени кон содржинско пребарување и давање на друг вид помош.

Развојот на информатичката технологија, аудио-визуелниот материјал сѐ повеќе го потиснуваат значењето на книгите и читањето воопшто. Затоа библиотеките добиваат нови задачи со прилагодување на новите барања на корисниците. Денешните ученици поминуваат повеќе време на интернет отколку во училишната библиотека. Ова треба да се искористи во промовирање на книгите, популаризирање на библиотечните услуги и

прикажување на библиотечните активности на интернет. Учениците во денешните училишта сакаат информации кои се брзи и непосредни, потполни и адекватни, пристапни и прегледни.

Библиотеката ја проектира годишната програма за работа во рамките на расположливите капацитети. Во текот на годината се извршуваат и непредвидени активности и ангажмани кои не би можеле однапред да ги внесеме во годишната програма. Поради тоа годишната програма е отворена, делови може да претрпат измени и дополнувања. Истите ќе бидат внесени во годишниот извештај.

Локална библиотека „Гоце Делчев "Велес

Директор

____________________________

Снежана Бошевска